**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ГЕОГРАФИЈА

## за I година

**Гимназиско образование**

**Скопје, 2025 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Географија*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | I (прва) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Природни системи и нивната поврзаност***<br>• ***Човекот и географскиот простор***<br>• ***Светот како глобален систем*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Хамер, флипчарт, хартија во боја, колажна хартија, хартија за цртање, листови хартија, картон, фломастери, боички, лепило, леплива лента, линијар, шестар, маркери, ножички, компјутер, проектор, мобилен телефон, таблети (апликации).<br>• Географска карта на светот, неми карти.<br>• Илустриран материјал или тематски карти за: тектонските плочи, распространетост на активни вулкани и сеизмички подрачја, морски струи, распространетост на растителниот и животинскиот свет, температура и врнежи на Земјата, ветрови на Земјата, природните катастрофи на Земјата, густина на населеност, милионски градови на Земјата и мегалополиси, развиени и неразвиени земји, Индекс на човечкиот развој (IDH index), регионална разместеност на енергетските извори и производство на енергија од одреден извор (обновливи/необновливи), земјоделско производство и правци на трговија со земјоделски култури, индустриски развиени региони и центри, сообраќајни и трговски патишта, туристички региони и места во светот, аерозагадувањето во светот, загадени води во светот, разместеност и влијание |

| | |
|---|---|
| | на мултинационалните корпорации врз економијата на државите во светот, транспортни коридори и геостратешки локации, тематска карта на ЕУ (членки, пристапни членки, еврозона, шенген зона, локација на главни институции, загрозување и намалување на природните ресурси на Земјата.<br>• Енциклопедии, Интернет. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по Географија во I (прва) година гимназиско образование може да ја изведува лице кое завршило:<br>• студии по географија, наставна насока, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС; |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***ПРИРОДНИ СИСТЕМИ И НИВНАТА ПОВРЗАНОСТ***

Вкупно часови: 35

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ги објаснува основните карактеристики на литосферата, вклучувајќи ја геолошката еволуција, внатрешната градба, видот на карпите и процесите кои влијаат врз обликувањето на Земјината кора и релјефот;
2. ја објаснува атмосферата преку озонската обвивка, влијанието на климатските фактори врз формирањето на климата, метеоролошките елементи, метеоролошките појави и ја опишува примената на временската прогноза;
3. ги објаснува компонентите на хидросферата, нејзината улога во природните процеси, значењето за човекот и животната средина и да наведува мерки за заштита;
4. ја опишува распространетоста на биосферата и нејзиното значење и да наведува мерки за нејзина заштита;
5. ги анализира причините и последиците од природните катастрофи и да наведува мерки за превенција и заштита.

Ученикот/ученичката ќе развива свесност за:

1. значењето на природните системи (литосфера, атмосфера, хидросфера и биосфера) и нивната меѓусебна поврзаност;

| | |
|---|---|
| 2. последиците од природните катастрофи и потребата од превенција и заштита како и солидарност кон оние средини кои се погодени од природни катастрофи. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| • **Литосфера**<br>(литосфера, геологија, фосили, ера, период, епоха, преткамбриум, палеозоик, мезозоик, кенозоик, цијанобактерии, Родонија, Пангеа, Тетис, тектонски плочи, Земјина кора, обвивка на земјиното јадро, земјино јадро, карпи, магматски карпи, гранит, седиментни карпи, варовник, метаморфни карпи, мермер, релјеф, внатрешни сили/едндогени, надворешни сили/егзогени, тектонски движења, епирогени, орогени, набори, раседи, вулкан, вулкански ерупции, магма, лава, вулканска купа, кратер, вулкански канал, гасови, пареа, вулканска пепел, вулканска прашина, вулкански бомби, послевулкански појави, гејзери, термални извори, солфатари, земјотрес, хипоцентар, епицентар, магнитуда, сеизмички бранови, примарни, секундарни, површински бранови, цунами, сеизмички скали, Рихтерова, Меркалиева, Европска макросеизмичка скала, Огнен пацифички појас, ерозија, акумулација, распаѓање на карпите, денудација, флувијален, абразивен, карстен, глацијален, еолски релјеф) | • Ја објаснува геолошката еволуција на Земјата издвојувајќи позначајни карактеристики на геолошките ери низ кои поминала.<br>• Го опишува распоредот на копното и морето во текот на геолошката историја преку поместувањето на тектонските плочи, промената на климата на Земјата и на растителниот и животинскиот свет низ геолошката еволуција на Земјата.<br>• Ја опишува внатрешната градба на Земјата започнувајќи од површината на Земјата кон нејзината внатрешност.<br>• Го објаснува начинот на кој настануваат карпите што ја сочинуваат Земјината кора и ги класифицира својствата по кои се разликуваат меѓу себе.<br>• Препознава одредени видови карпи од секоја група и наведува каде наоѓаат најголема примена.<br>• Го објаснува начинот на формирање на релјефот под дејство на внатрешните (ендогени) и надворешните (егзогени) сили.<br>• Ги објаснува епирогените и орогените движења и го поврзува начинот на кој настануваат релјефните форми со нивното дејство.<br>• Ги наведува причините на настанување на вулканите и елементите на вулканот и ги опишува и споредува вулканските ерупции и нивните продукти.<br>• Ги опишува карактеристиките на послевулканските појави.<br>• Со помош на географска карта ги именува најголемите активни вулкански области на Земјата и ги наведува причините за географската распространетост на вулканите.<br>• Ги објаснува причините за појава на земјотресите и прави класификација на земјотресите според причините од кои се предизвикани.<br>• Ги опишува елементите на земјотресот и начинот на мерење на јачината на земјотресите со помош на сеизмички скали. |

| | |
|---|---|
| | • Објаснува како се манифастираат земјотресите на површината и како се менува нивниот интензитет.<br>• Ги објаснува причините за географската разместеност на земјотресните подрачја на Земјата.<br>• Го објаснува процесот на распаѓање на карпите и денудација под дејство на надворешните сили.<br>• Ги опишува типовите на релјеф кои настануваат под дејство на надворешните сили и прави споредба помеѓу ерозивните и акумулативните форми. |
| • **Атмосфера**<br>(атмосфера, тропосфера, стратосфера, мезосфера, термосфера/јоносфера, егзосфера, озонска обвивка, озонска дупка, време, клима, климатски фактори, метеоролошки елементи, метеоролошки појави, временска прогноза, метеоролошки станици, метеоролошки инструменти, метеоролошки податоци, метеоролошки радари, метеоролошки сателити, Светски метеоролошки систем, временски извештаи, синоптички карти) | • Ги опишува карактеристиките на озонската обвивка.<br>• Ги именува најголемите причини за оштетување на озонската обвивка и формирањето на т.н. озонски дупки.<br>• Наведува активности што ги презема човекот за заштита на озонската обвивка.<br>• Ги објаснува процесите на формирање на време и клима и опишува од кои климатски фактори зависи настанувањето на климата.<br>• Ги анализира метеоролошките елементи и нивната поврзаност со времето и климата на одреден простор.<br>• Ги анализира метеоролошките појави и нивната поврзаност со времето и климата на одреден простор.<br>• Објаснува зошто и како се користат метеоролошки станици, метеоролошки радари и метеоролошки сателити. |
| • **Хидросфера**<br>(хидросфера, океански води, копнени води, атмосферски води, океан, Тихи Океан/Пацифик, Атлантски Океан, Индиски Океан, Северен Леден Океан, Јужен Океан, море, рабни, средоземни, меѓуостровски, морски бранови, морски струи, Голфска струја, плима, осека, издан, пропуслив слој, непропуслив слој, извор, речен слив, вододелница, речен тек, влив, делта, меандри, | • Ја објаснува поделбата на хидросферата (океански или морски води, копнени води и атмосферски води) и опишува кои води припаѓаат на секоја од овие групи.<br>• Прави споредба на океаните според нивните карактеристики.<br>• Ја објаснува поделбата на морињата според тоа како се одделени од океаните и именува некои од поголемите мориња со помош на географска карта. |

| | |
|---|---|
| водопад, понорница, езеро, езерски басен, природни, вештачки, тектонски, леднички, вулкански, карстни, речни, мочуриште, бара, ледници, глечер, снежна граница, лавина) | • Ги споредува водите во океаните и морињата и копнените води според нивните карактеристики.<br>• Го објаснува начинот на настанување на изданите и изворите и објаснува за поделбата на изворите.<br>• Го објаснува начинот на настанување на реките, ги опишува елементите на речниот слив и ги наведува карактеристиките според кои реките се разликуваат меѓу себе.<br>• Ги класифицира езерата според начинот на настанувањето на езерскиот басен и објаснува како настануваат природните езера.<br>• Именува својства на езерската вода според кои езерата се разликуваат меѓу себе.<br>• Ги опишува мочуриштата и прави врска меѓу бара и мочуриште.<br>• Го објаснува начинот на настанување на ледниците.<br>• Ја објаснува нееднаквата распределба на водата за пиење на Земјата и нејзиното значење за човекот.<br>• Наведува мерки за заштита на водните ресурси и намалување на негативните влијанија врз хидросферата. |
| • **Биосфера**<br>(биосфера, растителен свет/флора, животински свет/фауна, ареал, растителни области, шуми, иглолисни, листопадни, тропски влажни шуми, тропски монсунски шуми, тревни области, савани/кампоси/љаноси, степи/прерии/пампаси, ливади, пасишта, тајги, тундри, пустини, оази, копнена фауна, океанска фауна) | • Го опишува просторот што го зафаќа биосферата и ги објаснува факторите кои влијаат на географската распространетост на растителниот и животинскиот свет.<br>• Употребува тематска географска карта на светот на која ги објаснува главните карактеристики на растителните и животинските заедници.<br>• Ја опишува основната поделба на животинскиот свет (копнена и океанска фауна) и прави врска за причините на нејзината распространетост со распространетоста на растителниот свет.<br>• Ја опишува врската помеѓу вегетацијата и видовите почви, различните видови животни и вегетацијата и нивната распространетост на одредени области на Земјата.<br>• Објаснува за различни вегетациски заедници и фактори кои најмногу ја условиле нивната разместеност и појава. |

| | |
|---|---|
| • **Природни катастрофи**<br>(катастрофални вулкански ерупции, Тамбора, катастрофални земјотреси, хидролошки катастрофи, поплави, цунами, климатско-метеоролошки катастрофи, циклични бури, урагани, торнада, невреме со град, топлотни бранови, суши, снежни невремиња, лавини, свлечишта, заштита од природни катастрофи) | • Ги објаснува хидролошките катастрофи и причините за нивната појава, ги споредува последиците на поплавите предизвикани од излевање на реките и на катастрофите од цунами.<br>• Ги опишува климатско-метеоролошките катастрофи и споредува катастрофи со циклични бури, урагани, торнада, невреме со град, топлотни бранови и лавини.<br>• Идентификува географски региони каде што природните катастрофи најчесто се јавуваат и предлага мерки за превенција и намалување на ризиците од вакви појави.<br>• Ги опишува основните техники за лична и колективна безбедност при различни природни катастрофи и демонстрира конкретни постапки. |

**Примери за активности**

**Индивидуална активност:** Учениците истражуваат преку интернет и индивидуално одговараат на прашања за геолошката еволуција на Земјата според распоредот на копното и водата, климата, растителниот и животинскиот свет. Секој ученик изработува табеларен преглед за геолошката еволуција на Земјата.

**Практична активност:** Учениците преку практични примери и вежби препознаваат различни видови на карпи од петрографска збирка и ги анализираат нивните физички својства.

**Истражувачка активност**: Учениците поделени во групи, со користење на таблет, мобилен телефон или компјутер од веб страницата https://climatecharts.net/ анализираат климатски графикони од различни предели на Земјата и прават нивна класификација според климатскиот тип на кој припаѓаат, количеството на врнежи и температурата на воздухот.

**Дискусија**: Учениците следат кратко едукативно видео од YouTube за значењето на Голфската морска струја врз климата на Западна Европа или читаат краток текст од научен труд или објава на образовен портал или списание и дискутираат за последиците од нејзиното запирање.

**Вежба:** Учениците вежбаат топоними на Земјата од областа на релјефот и хидрографијата преку интерактивна нема карта, со користење на интернет (purposegames.com).

| |
|---|
| **Истражување:** Учениците, поделени во мали групи, користејќи интернет и илустриран материјал, ги истражуваат причините и последиците од различни катастрофални земјотреси (на пример, една група истражува за земјотресот во Индонезија од 2004 год., друга за земјотресот во Перу од 1970 год. и сл.). Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи, додека останатите групи треба да постават по едно прашање кое се однесува на презентираниот земјотрес. |
| Тема: ***ЧОВЕКОТ И ГЕОГРАФСКИОТ ПРОСТОР***<br>Вкупно часови: 20 |
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. го објаснува процесот на урбанизација;<br>2. ги објаснува енергетските извори преку нивната поделба, примена, регионална разместеност и нивното влијание врз животната средина и да наведува мерки за енергетска ефикасност;<br>3. ги опишува економските активности земјоделство, индустрија, сообраќај, трговија и туризам и нивното влијание врз економскиот развој на одреден регион;<br>4. го анализира значењето на животната средина и влијанието на човекот врз нејзиното загадување и да наведува мерки за нејзина заштита.<br><br>Ученикот/ученичката ќе развива свесност за:<br>1. социјалните и еколошките последици од неконтролираната урбанизација;<br>2. употреба на обновливи извори на енергија и намалување на зависноста од фосилни горива;<br>3. последиците од човечките активности врз природата. |

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Урбанизацијата во светот**<br>(урбанизација, конурбација, индустријализација, индустриска револуција, милионски градови, мегалополоси, развиени и неразвиени држави, пренаселеност, инфраструктура, неформални населби/сламови, одржлив урбан развој, паметни градови) | • Ги објаснува причините за интензивна урбанизација во светот и нејзината историска еволуција.<br>• Ја анализира географската разместеност на милионските градови во светот, и го споредува растот на мегалополисите во развиените и неразвиените земји во светот.<br>• Ги објаснува проблемите со кои се соочуваат големите градови.<br>• Го објаснува концептот за одржливиот урбан развој и паметни градови. |

| | |
|---|---|
| • **Енергетски извори**<br>(енергетски извори, обновливи, необновливи, јаглен, нафта, природен гас, хидроенергија, атомска енергија, соларна енергија, еолска енергија, енергија на морето, геотермална енергија, енергетска ефикасност) | • Ја објаснува поделбата на енергетските извори и ги опишува карактеристиките на необновливите извори и нивната регионална разместеност.<br>• Ги опишува енергетските извори за добивање на хидроенергија, атомска енергија, соларна енергија, еолска енергија, енергија на морето и геотермална енергија и ја наведува нивната регионална разместеност.<br>• Прави споредба за важноста на енергетските извори за човекот во минатото и денес и наведува примери за подобрување на енергетската ефикасност. |
| • **Стопанско - економски активности**<br>(земјоделство, индустрија, сообраќај, трговија, туризам, туристичка дестинација) | • Објаснува за разликата помеѓу органско и индустриско земјоделско производство и наведува мерки за негово осовременување.<br>• Ги објаснува факторите од кои зависи локацијата каде се распоредени одредени индустриски капацитети.<br>• Објаснува кои се индустриски најразвиени региони на секој континент и кои гранки од индустријата се истакнуваат како водечки.<br>• Наведува држави со најразвиен сообраќаен систем (најбрз, најеколошки и најекономичен).<br>• Го објаснува значењето на трговијата врз развојот на државите и влијанието на природните ресурси врз трговијата и со помош на географска карта ги идентификува главните трговски патишта.<br>• Го објаснува влијанието на туризмот врз економијата, животната средина и културата на одреден регион или земја и ги наведува најважните туристички региони и туристички центри на секој континент. |
| • **Влијанието на човекот врз животната средина**<br>(животна средина, загадување и заштита на воздухот, загадување и заштита на водите, загадување и заштита на почвите, загадување и заштита на растителниот и животинскиот свет, управување со отпад, неопасен отпад, опасен отпад, постапување со отпад, собирање, селектирање, транспортирање, третман, преработка и рециклирање, складирање, | • Ги опишува загадувачите на воздухот, водата, почвата, растителниот и животинскиот свет, прави нивна класификација според степенот на нивното негативно влијание и наведува мерки за заштита.<br>• Наведува видови на отпад и го опишува управувањето со отпад.<br>• Ги објаснува еколошките, економските и социјалните придобивки од рециклирањето и намалувањето на отпадот и наведува решенија за намалување на отпадот. |

| | |
|---|---|
| депонирање, повторна употреба, циркуларна економија) | |

**Примери за активности**

**Индивидуална активност:** Учениците на географска карта ги пронаоѓаат градовите со над 5 милиони жители и ги внесуваат во соодветна нема карта. Ја анализираат картата и објаснуваат за нивната географска распространетост.

**Практична активност:** Учениците поделени во мали групи изработуваат листа на отпадоци кои најмногу се создаваат од човекот, вршат нивна класификација и со истражување на интернет бараат различни примери за повторна употреба на метеријалите во нови материјали. Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок како да ги користат стекнатите знаења за повторна употреба на материјалите во домашни услови.

**Истражувачка активност**: Учениците истражуваат за развиените и помалку развиените региони, при што собираат податоци и прават анализа на тематски карти издвојувајќи ги причините кои довеле до ваквата сосотојба.

**Дискусија:** Учениците гледаат кратко видео за неформалните населби (сламови) низ светот и дискутираат за причините за појавата на неформални населби (сламови) во неразвиените земји во светот и земјите во развој и прават анализа за животот во нив.

**Квиз:** Учениците со користење на таблети, мобилни телефони или компјутер, се натпреваруваат преку квизови издвојувајќи ги топонимите и карактеристиките на областите на Земјата каде се појавиле милионските градови, со користење на интернет (purposegames.com).

**Решавање проблеми:** Учениците со користење на инфографици од веб страницата statista.com анализираат кој вид на сообраќај е најбрз, најеколошки и најекономичен. Податоците ги презентираат пред останатите ученици и изведуваат заклучоци.

Тема: ***СВЕТОТ КАКО ГЛОБАЛЕН СИСТЕМ***

Вкупно часови: 17

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ја објаснува глобализацијата и нејзините економски, културни и политички аспекти и ги наведува глобалните предизвици;

| | |
|---|---|
| 2. ја наведува улогата на главните меѓународни организации врз решавањето на глобалните предизвици;<br>3. ги објаснува ефектите од климатските промени и енергетската криза и ги наведува мерките за справување со нив. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| • **Економски, културни и политички аспекти на глобализацијата како процес**<br>(глобализација, географски откритија, колонизација, индустриска револуција, слободна трговија, ЕУ, СТО, мултинационални корпорации, економска нееднаквост, културен диверзитет, западни културни вредности, потрошувачка култура, масовни медиуми, идентитет, традиција, геополитика, геостратегија, Блиски Исток, Арктик, големите воени сили, конфликти) | • Го објаснува процесот на глобализација од географските откритија до денес и неговото влијание врз секојдневниот начин на живеење.<br>• Го објаснува влијанието на мултинационалните корпорации и слободната трговија на економијата.<br>• Ги објаснува придобивките и предизвиците на слободната трговија во светот и земјите од Европската Унија.<br>• Ги објаснува позитивните и негативните последици од културната глобализација и масовните медиуми. |
| • **Глобални мрежи и поврзаност**<br>(транспортни коридори, патни, воздушни, поморски, железнички коридори, Панамски канал, Суетски канал, авиосообраќај, технолошка револуција, интернет, телекомуникации, 5G мрежа, социјални мрежи, дигитализација, сателитски навигациони системи) | • Ги опишува најзначајните транспортни коридори (патни, воздушни, поморски и железнички) со помош на тематски карти.<br>• Го објаснува значењето на поморските канали за глобалната економија и нивната геостратешка положба.<br>• Ја поврзува примената на авиосообраќајот, интернетот и социјалните мрежи со нивното влијание врз поттикнувањето на глобализацијата во светот.<br>• Го објаснува технолошкиот развој и неговите позитивни и негативни влијанија врз општеството.<br>• Го објаснува придонесот на навигационите системи во општеството. |
| • **Меѓународни организации, глобални предизвици и нивно управување**<br>(Обединети Нации, Генерално собрание, Совет на безбедност, Европска Унија, Европска комисија, Европски парламент, проширување, еврозона, шенген зона, Светска трговска организација, БРИКС, Г8, Г20, НАТО, меѓународна соработка, | • Ги објаснува функциите на главните меѓународни организации и нивната улога во глобалното управување (ООН, ЕУ, СТО, БРИКС, Г8, Г20).<br>• Објаснува како проширувањето на ЕУ, еврозоната и шенген зоната влијаат врз глобализацијата на Европскиот континент.<br>• Ја објаснува важноста на меѓународната соработка меѓу државите во светот во превенцијата и справувањето со предизвиците. |

| | |
|---|---|
| глобални предизвици, миграции, глад, климатски промени, енергетска криза, природни ресурси, надворешни миграции, економски миграции, политички миграции, климатски миграции, климатски промени, глобално затоплување, ефект на стаклена градина, меѓународни договори и протоколи, протокол од Кјото, Париски договор, Green Peace, енергетска криза) | • Ги опишува најактуелните глобални предизвици како што се миграции, глад, климатски промени, енергетска криза.<br>• Ја објаснува потребата од одржливо користење и управување со најзначајните природни ресурси на Земјата.<br>• Ги наведува решенијата за климатските промени што ги нудат меѓународните договори и протоколи и обврските на државите што произлегуваат од нив.<br>• Објаснува како ефектот на стаклена градина влијае врз глобалното затоплување и климатските промени на Земјата и наведува активности што треба да се преземат за намалување на глобалното затоплување. |

**Примери за активности**

**Индивидуална активност:** Учениците индивидуално истражуваат за временската линија на глобализацијата и изработуваат хронологија која ги прикажува главните настани поврзани со глобализацијата.

**Практична активност:** Учениците поделени во групи собираат статистички податоци од страницата на Wikipedia https://en.wikipedia.org/wiki/List_of_largest_companies_by_revenue за основните карактеристики на најголемите мултинационални корпорации во светот, потоа изработуваат различни видови тематски карти според капиталот, сектор во кој делуваат, држава, број на вработени и сл.

**Истражувачка активност:** Учениците истражуваат графикони, собираат податоци за карактеристиките и глобалната поврзаност на авиосообраќајот, интернетот и пристапот до социјалните мрежи на населението во светот на веб страницата https://ourworldindata.org/, ги анализираат податоците и донесуваат заклучоци.

**Дискусија:** Учениците водат дискусија на тема „Дали глобализацијата повеќе помага или штети?“. Се делат на две големи групи ЗА или ПРОТИВ и се подготвуваат за темата со аргументи. Врз основа на критичко размислување, учениците ги изнесуваат своите ставови, мислења и заклучоци.

**Решавање проблем:** Учениците ја анализираат студијата на случај „Проширување на ЕУ“. Поделени во мали групи, неколку денови пред одржување на часот ги подготвуваат своите истражувања на одреден сегмент од студијата, а за време на часот вршат презентација на добиените резултати. Учениците поставуваат прашања, даваат мислења и изведуваат заклучоци за проширувањето на Европската Унија.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедува насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите можни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците

добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици,
- учество во истржувачки активности,
- придинесот во групни активности
- домашните задачи и
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Географија* за I (прва) година гимназиско образование.** | бр. 13-5306/8<br>3.4.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска,с.р.<br><br>____________________________ |